INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 15/2026
27.01.2026 год.
СКОПЈЕ

**РЕФЕРАТ**

за избор во насловно звање научен соработник/доцент во Институтот за општествени и хуманистички науки

Со одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница одржана на 26.01.2026 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор во насловно звање: научен соработник/доцент по група предмети од областа на менаџмент и бизнис

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатката со објавени трудови и нивни примероци, кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката дејност на кандидатката.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на кандидатката д-р Лепосава Огњаноска Ставровска;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во насловно звање научен соработник (еквивалент – доцент) по група предмети од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Комисијата во состав: проф.д-р Марјан Бојаџиев, д-р Вера Димитриевска и проф.д-р Калина Лечевска по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката Лепосава Огњаноска Ставровска е родена на 08.05.1993 година во Гостивар. Во 2014 година, таа дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ со просечен успех 9.88, а на истиот факултет во 2016 година ги завршува постдипломските студии по Меѓународно право и право на Европската Унија со просечен успех 9.92. Темата на магистерскиот труд гласела „Поглавјето 23 од *acquis communautaire* во контекстот на политиката на условеност – предизвици за Република Македонија на патот кон Европската Унија“, а кандидатката се стекнала со звање – магистер по правни науки.

Во 2024 година, докторирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, насока правни студии, во областа „Право на Европската Унија и европски интеграции“. Темата на докторскиот труд била „Владеењето на правото како темелна вредност на Европската Унија и процесот на европска интеграција и во политиката на проширување со фокус на Западниот Балкан“, а Огњаноска Ставровска се стекнала со звање – доктор на правни науки.

Професионалното искуство на кандидатката вклучува работно искуство и ангажман во тинк-тенк секторот, правосудството, извршната власт и академија. Во 2015 година, Огњаноска Ставровска се вработила во Институтот за европска политика (ЕПИ) како

проектна асистентка и помлада истражувачка. Во следните години, работела во Специјалното јавно обвинителство како јавнообвинителски соработник (2017-2020 година), Секретаријатот за европски прашања како посебна советничка на заменик претседателот на Владата (2020-2021 година), како и во Министерството за одбрана како советничка за меѓународни односи во кабинетот на министерката (2022 година). Од октомври 2022 година се вработила на Меѓународниот балкански универзитет – Правен факултет, како асистентка во областа „Меѓународно право", заклучно со октомври 2025 година. Воедно, Огњаноска Ставровска е ангажирана во консултантската агенција Aretera PA каде што пружа поддршка во водењето на политиките на мултинационалните компании присутни на македонскиот пазар.

## 2. ПРЕГЛЕД И ОЦЕНКА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

### 2.1 НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАУЧНО-НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

#### 2.1.1 НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Лепосава Огњаноска Ставровска има објавено повеќе трудови во меѓународни научни списанија, како и други публикации, вклучително и студии на применети политики со препораки. Воедно, има учествувано во повеќе проекти, во рамки на различните работни ангажмани.

**МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ**

**Restoring Enlargement Credibility Amid Declining Enthusiasm: (New) Prospects for Upholding the Macedonian EU Integration Process**
авторка
Balkan Political Economy Series, Vol. 1, 353–385
Balkan University Press
2025

**Can Money Buy Rule of Law? Overview of the Recent Instruments within the EU Conditionality Policy**
авторка
UNIO – EU Law Journal, Vol. 10, No. 2, 4–17
2024

**EU Enlargement Conundrum: Conditionality Meets Geopolitics**
авторка
College of Europe – WEASA Alumni Program
2024

**International and Macedonian Legal Framework of the Educational Rights of Refugees**
ко-авторка
Journal of Liberty and International Affairs, Vol. 9, No. 2, 441–453
2023

**EU Rule of Law Promotion in the Western Balkans: "Special(ized) Prosecution Bodies" Conundrum**
авторка

SEE EU Cluster of Excellence in European and International Law – Series of Papers, Vol. 7, 75–88
SEE EU Cluster of Excellence
2022

**Reinforcing the EU Enlargement Policy towards the Western Balkans: Access to the Single Market as a Credible Goal**
авторка
European Papers – Journal on Law and Integration, Vol. 7, No. 2, 833–855
2022

**The Potential of Article 259 TFEU as a Tool for Upholding the Mutual Trust in the EU**
ко-авторка
EU and Comparative Law Issues and Challenges Series (ECLIC), Vol. 6, 625–644
University of Osijek
2022

**Legal and Judicial System Transformation in Transition Economies: The Macedonian Case**
ко-авторка
Res Novae, Vol. 7, Issue 1, 126–153
2022

**Promoting the Rule of Law in the EU Enlargement Policy: A Twofold Challenge**
авторка
Croatian Yearbook of European Law and Policy (CYELP), Vol. 17, 237–277
2021

**Environmental Impact Assessment in the Context of the Environmental Law and Policy of the European Union: Evolution and Future Perspectives**
авторка
Regional Law Review, Vol. II, 163–182
2021

**Defining the Role of the EU as a Global Actor: Challenges and Perspectives**
ко-авторка
Political Thought, Year 19, No. 62, 5–21
2021

**Union Based on the Rule of Law: The Court of Justice of the European Union and the (Future of) European Integration**
ко-авторка
European Journal of Eastern Studies, Vol. 12, Issue 2, 396–426
2020

**The Doctrine of Supremacy of EU Law: Foundations, Scope and Future Perspectives**
ко-авторка
Regional Law Review, Vol. I, 21–38
2020

**Harmonization of the Legal Ethics in the European Integration Process**
авторка
Proceedings of the 7th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", Vol. 1, No. 3, 159–177
Goce Delchev University
2020

**European Army: Reality or Fiction?**
ко-авторка
Iustinianus Primus Law Review, Vol. 11, Issue 1
2020

**The Rule of Law in the Context of the European Union's Western Balkans Enlargement Policy**
ко-авторка
Political Thought, Year 18, No. 59, 5–25
2020

**Chapters 23 and 24 of the Acquis Communautaire in the Context of the EU Conditionality Policy**
ко-авторка
Yearbook of the Faculty of Law "Iustinianus Primus" – Skopje, Vol. 57, 1–23
Faculty of Law "Iustinianus Primus"
2018

## ИЗГОТВЕНИ СТУДИИ НА ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИКИ СО ПРЕПОРАКИ

**Bilateral Disputes and EU Enlargement – A Consensual Divorce**
ко-авторка
Policy analysis / research publication
Belgrade Centre for Security Policy
2024

**Image & Reality – North Macedonia 2020: Research Report on the Real Situation and Image of North Macedonia in relation to the Political Criteria and Chapter 23**
авторка
Истражувачки извештај
Prespa Institute
2021

**Зајакнување на улогата на Академијата за судии и јавни обвинители во контекстот на политиките за борба против корупцијата**
ко-авторка
Истражувачки извештај
Транспарентност Меѓународна Македонија (Transparency International)
2021

**Меѓуинституционална соработка на институциите задолжени за борба против корупција**

ко-авторка
Истражувачки извештај
Транспарентност Меѓународна Македонија (Transparency International)
2021

**Role of the Constitutional Court in Protecting Freedom of Expression in the Republic of Macedonia**
авторка
Policy Brief
German Council on Foreign Relations (DGAP), Berlin
2016

## УЧЕСТВО НА ПРОЕКТИ

**Jean Monnet Module „EU Integrations and the Western Balkans"**
Меѓународен проект финансиран од Европската комисија, имплементиран на Меѓународниот балкански универзитет (IBU)
Период: 2024–2025
Улога: предавачка

**Skills Enrichment for Adaptive Leadership in the New Reality (SEAL-NR)**
Меѓународен проект финансиран од Европската комисија, имплементиран на IBU
Период: 2025
Улога: соработничка

**Зајакнување на регионалната судска соработка во Западен Балкан за ефективни судски спорови пред Европскиот суд на правда и имплементација на Повелбата за фундаментални права на Европската Унија**
Национален проект, Центар за правни истражувања и анализи
Период: 2025
Улога: истражувачка

**WEASA 2024 Research Cluster**
Истражувачки кластер поддржан од College of Europe (Natolin Campus), German Marshall Fund of the United States (GMF) и Polish-American Freedom Foundation
Период: 2024
Улога: истражувачка

**Bilateral Disputes and EU Enlargement – A Consensual Divorce**
Истражувачки проект, Belgrade Centre for Security Policy
Период: 2024
Улога: истражувачка

**Партнерство на алумните и младите за промоција на граѓански вредности**
Проект поддржан преку Македонско-американската алумни асоцијација (МААА) и Амбасадата на САД
Период: 2024
Улога: предавачка на тема антикорупцијата

**COIL Joint Course in Comparative Constitutional Law**
Заеднички меѓународен курс во партнерство со Fairleigh Dickinson University
Период: 2023-2024
Улога: раководителка на проектот

**EDULUM – Educational Rights in the Asylum Process**
Меѓународен истражувачки проект предводен од Универзитетот во Виена, финансиран од OeAD – Austria's Agency for Education and Internationalisation и Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, во рамки на Австриско–македонската научно-технолошка соработка (WTZ)
Период: 2021–2023
Улога: истражувачка

**Network 23+**
Финансиран од ЕУ – IPA II Civil Society Facility and Media Programme, имплементиран од European Policy Institute во партнерство со Хелсиншкиот комитет за човекови права
Период: 01.01.2016 – 31.12.2017
Улога: проектна асистентка / соработничка

**JUstice: Governance for Growth MoNiTor – JudGMeNT**
Проект на European Policy Institute, финансиран од Regional Cooperation Council
Период: 10.07.2016 – 31.12.2016
Улога: проектна асистентка / соработничка

**Urgent Reform Priorities Monitor**
Проект на European Policy Institute, финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија (MATRA Programme)
Период: 15.09.2015 – 31.12.2015
Улога: проектна асистентка / соработничка

**Dialogues 4 Vision**
Проект на European Policy Institute, финансиран од Британската амбасада
Период: 2015–2017
Улога: проектна асистентка / соработничка

**Monitoring and Strengthening the Capacities of Institutions Combating Organized Crime and Corruption**
Проект на Коалиција „Сите за правично судење“, финансиран преку IPA II 2014 Grant Scheme „Strengthening the Impact of Civil Society in Effective Justice Sector Reforms“
Период: 2020
Улога: проектна асистентка / соработничка

## СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ

Огњаноска Ставровска има реализирано студиски престој на Европа-Институтот при Саарланд Универзитетот во Саарбрикен, Германија (септември-октомври 2022 година), како стипендистка на DAAD Leonhard-Euler програмата.
Во рамки на Study of the US Institutes програмата поддржана од US Department of State, во периодот јуни-јули 2023 година таа има реализирано престој и на Универзитетот во

Делавер, САД, со посета на повеќе други високообразовни институции како Универзитетот во Пенсилванија и Универзитетот „Јелј".
Во 2024 година, Огњаноска Ставровска престојува и на Колеџот на Европа, кампусот во Натолин, Полска, како учесничка на програмата Warsaw Euro-Atlantic Summer Academy (1-6 јули).

### 2.1.2 НАУЧНО-НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Во 2022 година, кандидатката е избрана за асистентка на Меѓународниот балкански универзитет – Правен факултет, каде е ангажирана во високообразовната дејност на првиот и вториот циклус на студии:

(2022-2025) асистентка на предметите Право на Европската Унија (прв циклус), Меѓународно јавно право (прв и втор циклус), Меѓународно приватно право (прв и втор циклус), Меѓународни организации (прв циклус), Право на животна средина (прв циклус), Вовед во правото (прв циклус).

Кандидатката учествувала како членка во комисија за одбрана на повеќе додипломски трудови. Има остварено повеќе гостински предавања по покана на реномирани странски универзитети, меѓу кои: Гостинско предавање на тема „Европска интеграција: ЕУ и светот" во рамки на Програмата за глобални студии при Кинескиот универзитет во Хонг Конг (8 јануари 2025 година); гостинско предавање по покана на Универзитетот во Каиро – Факултет за политички науки, на тема „Проширувањето на Европската Унија: еволуција, предизвици и перспективи" (5 март 2024 година); предавачка на III Годишната Jean Monnet школа за теорија и методологија на правната апроксимација при Универзитетот Брусов, на тема „Европеизација на правните системи на Западен Балкан: случајот на Северна Македонија" (24 август 2022 година).

Д-р Лепосава Огњаноска Ставровска учествувала и како говорничка на бројни научни и стручни собири, на национално, регионално и меѓународно ниво.

Досегашното научно-наставно и професионално искуство, поткрепено со научно-истражувачката дејност преку објавените трудови, учеството на проекти и остварените студиски престои, сведочи за сериозниот и високо посветен пристап на д-р Лепосава Огњаноска Ставровска во научната работа.

## 3. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО НАСЛОВНОТО ЗВАЊЕ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

По разгледувањето на приложените трудови и по усогласувањето на поединечните мислења, констатиравме дека научните истражувања, како и севкупната посветеност на научната работа на д-р Лепосава Огњаноска Ставровска, се соодветни и релевантни за понатамошна работа во насловното звање - научен соработник во областа на општествените и хуманистичките науки.

**Заклучок**

Од анализата на приложените трудови може да се заклучи дека д-р Лепосава Огњаноска Ставровска поседува значајно искуство во подготовката и реализацијата на научно-

истражувачка и научно-наставна дејност. Нејзината научна работа и објавените трудови се темелат на сопствени истражувања и аналитички пристап, што укажува на сериозно и систематско владеење на методологијата на општествените науки.

Темите кои се предмет на нејзината научна дејност, како и темите обработени во магистерскиот и докторскиот труд, јасно покажуваат дека кандидатката има продлабочен и континуиран научен интерес и доследно научно профилирање во областа на европските интеграции, при што се обработуваат прашања од значаен научен, но и поширок општествен интерес. Со тоа, нејзината дејност рефлектира висок степен на научна самостојност, аналитичност и посветеност кон давање сопствен научен придонес во развојот на соодветната научна област.

Рецензентската комисија ги зема предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други професионални остварувања на кандидатката во текот на нејзината досегашна кариера. По внимателно разгледување на поднесената документација, Комисијата заклучи дека д-р Лепосава Огњаноска Ставровска ги исполнува сите услови предвидени со Законот за научно-истражувачка дејност на Република Северна Македонија за избор во насловното звање научен соработник (еквивалент: доцент).

**Предлог**

Врз основа на севкупниот научен опус, наставните активности и професионалниот ангажман на д-р Лепосава Огњаноска Ставровска, Комисијата донесе заклучок дека, покрај формалното исполнување на законски утврдените услови, кандидатката покажува високо ниво на посветеност на научно-истражувачката работа и континуирано професионално надградување.

Со особена чест, му предлагаме на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, д-р Лепосава Огњаноска Ставровска да биде избрана во насловно звање научен соработник/доцент по група предмети од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Рецензентска комисија:

д-р Марјан Бојаџиев, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседател

Институт за општествени и хуманистички науки
СКОПЈЕ

д-р Вера Димитриевска, научен соработник
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член

д-р Калина Лечевска, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член